# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА
# ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО


| | |
|---|---|
| **ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА** | **БР. 12 ГОД.25** |


**Општина Чучер-Сандево, Декември 2022 година**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО

| Излегува по потреба | Четврток 01.12. 2022 год. | Бр. 12 Год. 25 |
|---|---|---|


# 89.

Врз основа на член 39 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.“бр. 05/02), член 21 став 2 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево“ бр.5/19), и член 57 став 1 од Деловникот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево“ бр.6/21), Градоначалникот донесе

## РЕШЕНИЕ
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУ ВАЊЕ ВО 2023 ГОДИНА**

Се објавува Одлука за давање согласност на изменување и дополнување на Годишен план за вработување во 2023 година, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на 18-та седница, одржана на 28.11.2022 година.

**Бр. 09-1392/1**
**29.11.2022 година**
**Чучер-Сандево**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**Градоначалник**
**Сашко Комненовиќ с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02), член 23 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.05/19) и член 20 б од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Р.М." бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.143/19 и 14/20), Советот на Општина Чучер-Сандево на 18-та седница одржана на **28.11.2022 година**, донесе

## О Д Л У К А
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО 2023 ГОДИНА**

### Член 1

Со оваа Одлука се дава Согласност на Изменување и дополнување на Годишниот план за вработување во Општина Чучер-Сандево за 2023 година, со број 01-865/7 од 21.11.2022 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр.08-1350/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**28.11.2022 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер-Сандево** **Сања Белинска с.р**

# 90.

Врз основа на член 39 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.“бр. 05/02), член 21 став 2 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево“ бр.5/19), и член 57 став 1 од Деловникот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево“ бр.6/21), Градоначалникот донесе

## РЕШЕНИЕ

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ ОДЛУКА ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА МАНДАТ НА ЧЛЕН НА УПРАВЕН ОДБОР И ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕН НА УПРАВЕН ОДБОР НА ОПШТИНСКА ЈАВНА УСТАНОВА ПАРТИЗАНСКИ ДОМ САНДЕВО, С.САНДЕВО**

Се објавува Одлука за престанување на мандат на член на Управен одбор и именување на член на Управен одбор на Општинска јавна установа Партизански дом Сандево, с.Сандево, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на 18-та седница, одржана на 28.11.2022 година.

**Бр. 09-1392/2** **ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**29.11.2022 година** **Градоначалник**
**Чучер-Сандево** **Сашко Комненовиќ с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка 5 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02) и член 23 став (1) точка 28 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19), Советот на Општина Чучер-Сандево на **18-та** седница одржана на **28.11.2022** година, донесе

## О Д Л У К А

**ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА МАНДАТ НА ЧЛЕН НА УПРАВЕН ОДБОР И ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕН НА УПРАВЕН ОДБОР НА ОПШТИНСКАТА ЈАВНА УСТАНОВА ПАРТИЗАНСКИ ДОМ САНДЕВО, С.САНДЕВО**

**Член 1**

На Виолета Мајновска, именувана за член на Управниот одбор на Општинската јавна установа Партизански Дом Сандево, со Одлука број 08-1200/7 од 10.12.2021 година и престанува мандатот поради пензионирање.

**Член 2**

За член на Управен одбор на Општинската јавна установа Партизански Дом Сандево, с.Сандево, **се именува** Тони Пигуловиќ.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр.08-1350/4**
**28.11.2022 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Белинска с.р**

# 91.

Врз основа на член 39 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."бр. 05/02), член 21 став 2 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.5/19), и член 57 став 1 од Деловникот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.6/21), Градоначалникот донесе

## РЕШЕНИЕ
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ ОДЛУКА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ ВО УПРАВЕН ОДБОР НА ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА- ДЕТСКА ГРАДИНКА „МИЛО МОЕ„ ЧУЧЕР-САНДЕВО, ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**

Се објавува Одлука за престанување на мандат на член на Управен одбор и именување на член на Управен одбор на Општинска јавна установа Партизански дом Сандево, с.Сандево, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на 18-та седница, одржана на 28.11.2022 година.

**Бр. 09-1392/3**
**29.11.2022 година**
**Чучер-Сандево**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**Градоначалник**
**Сашко Комненовиќ с.р**

Врз основа на член 36 став точка 1 од Законот за локална самоуправа (службен весник на РМ." бр.5/02) и член 23 став 1 точка 28 од Статутот на Општна Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр. 5/19), а врска со член 114 од Законот за заштита на деца ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18 и "Службен весник Република Северна Македонија" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21 и 150/22), Советот на Општина Чучер-Сандево на **18-та** седница одржана на **28.11.2022** година, донесе

# О Д Л У К А

**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА-ДЕТСКА ГРАДИНКА "МИЛО МОЕ" ЧУЧЕР-САНДЕВО, ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**

**1.** За членови на Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца- детска градинка "МИЛО МОЕ" Чучер-Сандево, Општина Чучер-Сандево, се именуваат:

-Верче Гурмешевиќ, претставник од редот на родители на деца
-Вангел Тасевски, претставник од редот на родители на деца
-Ирина Деловски, претставник од редот на вработените

**2**. Оваа одлука е прилог и составен дел на Одлуката за именување на членови во Управниот одбор на Јавна општинска установа за деца- Детска градинка „МИЛО МОЕ„ Чучер-Сандево, Општина Чучер-Сандево, број 08-1200/6 од 10.12.2021 година.

**3.** Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр.08-1350/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**28.11.2022 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер-Сандево** **Сања Белинска с.р**

# 92.

Врз основа на член 39 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."бр. 05/02), член 21 став 2 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.5/19), и член 57 став 1 од Деловникот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.6/21), Градоначалникот донесе

## РЕШЕНИЕ

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ИДНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОШИРУВАЊЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНИ ОБЈЕКТИ НА КП 3099/2 КО ГЛУВО БРАЗДА**

Се објавува Одлука за донесување на идна урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат за вклопување на бесправни објекти на КП 3099/2 КО Глуво Бразда, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на 18-та седница, одржана на 28.11.2022 година.

**Бр. 09-1392/4** **ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**29.11.2022 година** **Градоначалник**
**Чучер-Сандево** **Сашко Комненовиќ с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 23 став 1 точка 7 од Статутот на Општина

Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево’’ бр.05/19), член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ’’ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17 и „Службен весник на РСМ’’ бр.174/21) и член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на РМ’’ бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16), Советот на Општина Чучер-Сандево на 18та седница одржана на ден 28.11.2022 година, донесе

## О Д Л У К А

**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ИДНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОШИРУВАЊЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНИ ОБЈЕКТИ НА КП 3099/2 КО ГЛУВО БРАЗДА**

**Член 1**

По поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправни објекти од локално значење УП 1 бр.11-123/2018 од 28.02.2018 година, за објект со намена Б4-6 други деловни простории кој е изграден на КП 3099/2 КО Глуво Бразда, Советот на Општина Чучер-Сандево утврди дека **може** да се прошири планскиот опфат и да се изврши вклопување на бесправните објекти согласно одредбите од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација.

**Член 2**

Одлуката да се достави до Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Чучер-Сандево’’.

**Бр.08-1350/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**28.11.2022 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер-Сандево** **Сања Белинска с.р**

# 93.

Врз основа на член 39 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.“бр. 05/02), член 21 став 2 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево“ бр.5/19), и член 57 став 1 од Деловникот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево“ бр.6/21), Градоначалникот донесе

## РЕШЕНИЕ

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ИДНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ УСОГЛАСУВАЊЕ НА НАМЕНИТЕ ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНИТЕ ОБЈЕКТИ НА КП 5576/1 КО КУЧЕВИШТЕ, М.В. КУЌИНЕ**

Се објавува Одлука за донесување на идна урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за вклопување на бесправните објекти

на КП 5576/1 КО Кучевиште, м.в. Куќине, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на 18-та седница, одржана на 28.11.2022 година.

**Бр. 09-1392/5** **ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**29.11.2022 година** **Градоначалник**
**Чучер-Сандево** **Сашко Комненовиќ с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 23 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево'' бр.05/19), член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ'' бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17 и „Службен весник на РСМ'' бр.174/21) и член 2 став 1 алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на РМ'' бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16), Советот на Општина Чучер-Сандево на **18**-та седница одржана на ден **28 .11.2022 година**, донесе

## О Д Л У К А
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ УСОГЛАСУВАЊЕ НА НАМЕНИТЕ ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНИТЕ ОБЈЕКТИ НА** КП 5576/1 КО Кучевиште м.в. Куќине

**Член 1**

По поднесеното Барање за утврдување на правен статус на бесправн објект од локално значење УП 1 бр.11-441/2018 од 18.07.2018 година, се утврдува потреба од донесување на урбанистичко–планска документација за усогласување на намената на градежното земјиште, за бесправните објекти со намена А1-1 стамбени куќи со дворови –самостојни и А5-4 останати помошни објекти, кои се изградени на КП 5576/1 КО Кучевиште м.в. Куќине.

Според Општиот акт за с.Кучевиште, КП 5576/1 КО Кучевиште м.в. Куќине на која се изградени објектите, е со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија.

**Член 2**

Одлуката да се достави до Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Чучер-Сандево''.

**Бр.08-1350/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**28.11.2022 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер-Сандево** **Сања Белинска с.р**

**С О Д Р Ж И Н А**

**Стр.**

**89.** **ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО 2023 ГОДИНА.......................................................................2**

**90.** **ОДЛУКА ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА МАНДАТ НА ЧЛЕН НА УПРАВЕН ОДБОР И ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕН НА УПРАВЕН ОДБОР НА ОПШТИНСКАТА ЈАВНА УСТАНОВА ПАРТИЗАНСКИ ДОМ САНДЕВО, С.САНДЕВО.......................................................................3**

**91.** **ОДЛУКА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА- ДЕТСКА ГРАДИНКА “МИЛО МОЕ“ ЧУЧЕР-САНДЕВО, ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО.......................................................................4**

**92.** **ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ИДНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОШИРУВАЊЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНИ ОБЈЕКТИ НА КП 3099/2 КО ГЛУВО БРАЗДА .......................................................................5**

**93.** **ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ УСОГЛАСУВАЊЕ НА НАМЕНИТЕ ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНИТЕ ОБЈЕКТИ НА** КП 5576/1 КО Кучевиште м.в. Куќине**.......................................................................7**